# СЛУЖБЕ Н  Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА



| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Крива Паланка<br>Издавач : Општина Крива Паланка<br>Излегува по потреба** | **Број 10<br><br>01.10.2021** | **Гласникот е бесплатен** |

Врз основа на член 14, став 1, точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка (пречистен текст), („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10,08/14,02/18 , 03/2019 и 08/21), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 23.09.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Извештај за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2020/2021 година**

**Член1**

Со оваа Одлука се усвојува Извештај за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2020/2021 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-2945/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.09.2021 год.** **Претседател,**
**Крива Палнака** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. бр.8/2010, 8/14, 2/18,03/2019 и 08/21), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на Извештај за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2020/2021 година**

1. Се објавува Одлуката за усвојување на Извештај за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2020/2021 година
, што Советот ја донесе на 56-та седницата одржана на ден 30.09.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“

**Бр.08– 2945/4**
**02.10.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 14, став 1, точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка (пречистен текст), („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10,08/14,02/18, 03/2019 и 08/21), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 23.09.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Програма за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2021/2022 година**

**Член1**

Со оваа Одлука се усвојува Програма за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2021/2022 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-2945/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30 .09.2021 год.** **Претседател,**
**Крива Палнака** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. бр.8/2010, 8/14, 2/18,03/2019 и 08/21), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука За усвојување на Програма за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2021/2022 година**

1. Се објавува Одлуката за усвојување на Програма за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2021/2022 година , што Советот ја донесе на 56-та седницата одржана на ден 30.09.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“

**Бр.08– 2945/6**
**02.10.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 26 став 5, член 82 став 2, член 84 став 2 и член 86 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ“ бр.24/2021) член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 14 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 08/2010, 08/2014, 02/2018 , 03/2019 и 08/21 ) Советот на општина Крива Паланка, на седницата одржана на ден 30.09. 2021 година, ја донесе следната:

**Одлука**
**За изменување и дополнување**
**на Одлуката за основање на Центар за развој на Третиот-Североисточен плански регион број 03-1/1 од 17.12.2008 година**

**Член 1**

Во член 4 став 1 зборовите „ги врши следниве работи“ се заменуваат со зборовите „спроведува активности и реализира задачи поврзани со развојните приоритети на Третиот-Североисточен плански регион и тоа“.

Во член 4 став 1 алинеа 3 на крајот на реченицата се додаваат зборовите зборовите „и предлог - проекти за финансирање од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност“.

Во член 4 став 1алинеа 4 зборовите „најдоцна до 15-ти декември во тековната година до Бирото за регионален развој“ се заменуваат со зборовите „во законски определениот рок“.

Во член 4 став 1 алинеа 11 зборовите „на граѓани“ се бришат.

Во член 4 став 1 на почетокот на алинеа 13 се додаваат зборовите „ Изготвува, поднесува апликации и“.

Во член 4 став 1 алинеа 15 по зборот „работење“ се додаваат зборовите „чиј составен дел е и Извештајот за финансиското работење на Центарот“, а зборот „доставува“ се заменува со зборот „поднесува“.

Во член 4 став 1 алинеа 16 зборот „административни“ се заменува со зборовите „административно - технички“.

Во член 4 став 1 по алинеа 16 се додаваат три нови алинеи 17, 18 и 19, кои гласат:

,,- Реализира активности за поттикнување на конкурентноста прекуактивна поддршка на приватниот сектор;

- Изготвува и реализира проекти и договорени задачи и услуги за министерства и други државни институции и
- Врши други активности за поттикнување на развојот на планскиот регион.“

**Член 2**

Во член 5 став 1 зборот „раководител“ се заменува со зборот „директор“, а зборот „конкурс“ се заменува со зборот „оглас“ по кој се додаваат зборовите „во согласност со Законот за рамномерен регионален развој“.

Во член 5 став 2зборот „Раководителот“ се заменува со зборот „Директорот“, а по зборот „мнозинство“ се додаваат зборовите „гласови од вкупниот број на членови со право на глас“.

Во член 5 став 3 зборот „раководителот“ се заменува со зборот „директорот“.

**Член 3**

Членот 6 се менува и гласи:

„За директор на Центарот, може да биде избрано лице кое ги исполнува условите утврдени во Законот за рамномерен регионален развој.

Мандатот на директорот му престанува во случаите утврдени со Законот за рамномерен регионален развој.

Директорот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот во согласност со Законот за рамномерен регионален развој.

Во случај кога не е избран директор на Центарот или предвреме му престанал мандатот, Советот за развој на планскиот регион именува вршител на должноста директор на Центарот се до изборот на нов директор, без јавен оглас, од редот на вработените во Центарот.

Вршителот на должноста директор ги има сите права и обврски на директор на Центарот.“

**Член 4**

Членот 7 се менува и гласи:

„Директорот на Центарот:

- го претставува и застапува Центарот,
- управува со имотот на Центарот и е потписник на сметката на Центарот,
- го предлага годишниот финансиски план и завршната годишна сметка на Центарот и завршните годишни сметки на проектите на Центарот,
- донесува Правилник за систематизација на работни места во стручната служба на Центарот, по претходно позитивно мислење од Советот за развој на Третиот-Североисточен плански регион,
- раководи со стручната служба на Центарот,
- ги предлага на Советот за развој на планскиот регион: програми, проекти, извештаи и останатите документи кои се изготвуваат од страна на Центарот, а треба да се усвојат од страна на Советот за развој на планскиот регион,
- раководи со процесот на следење на спроведувањето на Програмата за развој на Третиот-Североисточен плански регион,
- раководи и ги координира активностите поврзани со спроведувањето на Програмата на Министерството за локална самоуправа од Законот за рамномерен регионален развој, од надлежност на Центарот,
- раководи со изработката на Предлог-проектите за развој на планскиот регион,
- раководи со процесот на спроведување на одобрените проекти за развој на планскиот регион,
- иницира и воспоставува соработка со други надлежни државни органи и со донаторски организации кои поддржуваат проекти за развој на Третиот-Североисточен плански регион и на општините што влегуваат во неговиот состав,

- обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на имотот на Центарот и
- врши други работи утврдени со закон и други работи поврзани со активностите на Центарот.“

**Член 5**

Членот 8 се менува и гласи:

„Центарот има стручна служба, која се организира во сектори и одделенија.

Одлуката за организација на стручната служба на Центарот ја донесува Советот за развој на Третиот-Североисточен плански регион на предлог на директорот на Центарот.

Правата, обврските и одговорностите на вработените во стручната служба на Центарот се уредуваат во согласност со Законот за работни односи и истите немаат статус на административни службеници.

Платата на директорот на Центарот ја утврдува Министерот за локална самоуправа по претходна согласност од Владата.

Бројот на вработени службеници во Центарот и нивните плати ги определува Советот за развој на Третиот-Североисточен плански регион.“

**Член 6**

Во член 9 став 1 зборот „раководителот“ се заменува со зборот „директорот“.

Во член 9 став 2 по зборот „Центарот“ се додаваат зборовите „за следната календарска година“.

Во член 9 ставот 5 се менува и гласи:

,,По истекот на 3 (три) месеци Советот за развој на Третиот-Североисточен плански регион мора да го усвои Финансискиот план на Центарот.“

**Член 7**

Членот 11 се менува и гласи:

Општините кои влегуваат во состав на Третиот-Североисточен плански регион, кои се крајни корисници на проекти за развој на планскиот регион, исплаќаат средства во висина до 15% од проектната (пресметковна) вредност на одобрен проект на Центарот за реализација и имплементација на проектот.

Основните критериуми за висината на средствата за проектите исплатени од општините кон Центарот од ставот 1 на овој член се утврдени во Законот за рамномерен регионален развој.

Поблиските критериуми за висината на средствата за исплата за Центарот од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за локална самоуправа.

Средствата од ставот 1 на овој член општините, ги префрлаат на сметка на Центарот, пред започнување на постапката за јавна набавка, најдоцна во рок од 30 дена од денот на потпишување на договорот за реализација на проектот кој Бирото за регионален развој го склучува со Центарот.

Општините кои нема да ги исплатат средствата од ставот 1 на овој член, го губат правото на користење на средствата, при што Центарот ќе ги наплати договорените средства од доделените средства за реализација на проектот, а преостанатите средства

ќе бидат распределени за финансирање на проекти од листата на позитивно оценетите проекти.“

**Член 8**

Во член 12 став 1 зборот „Раководителот“ се заменува со зборот „Директорот“, а по зборовите „за работа на Центарот“ се става запирка и се додаваат зборовите „кој е составен дел на годишниот извештај за работењето на Центарот“.

**Член 9**

Во член 13 став 1 зборот „раководителот“ се заменува со зборот „директорот“.

**Член 10**

Членот 16 се менува и гласи гласи:

„Заради имплементација на член 31 од Законот за рамномерен регионален развој, Министерот за локална самоуправа и директорот на Центарот склучуваат договор за соработка за тековната година, а Градоначаниците на општините од Третиот-Североисточен плански регион и директорот на Центарот склучуваат договор за дополнителни средства за кофинансирање на задачите и активностите на Центарот за тековната година.“

**Член 11**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во („Службен гласник на општина Крива Паланка“).

**Број 09-2945/7** **Совет на Општина Крива Паланка**
**30.09.2021 година** **Претседател,**
**Кр.Паланка** **Изабела Павловскас.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. бр.8/2010, 8/14, 2/18,03/2019 и 08/21), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука За изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Третиот –Североисточен плански регион број 03-1/1 од 17.12.2008 година**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Третиот –Североисточен плански регион број 03-1/1 од 17.12.2008 година , што Советот ја донесе на 56-та седницата одржана на ден 30.09.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“

**Бр.08– 2945/8**
**02.10.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 22 ,62 и 63 од Законот за локална самоуправа (“Службен Весник на РМ” бр.5/2002 година ) и член 14 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 08/2010, 08/2014, 02/2018 , 03/2019 и 08/21 ) Советот на Општина Крива Паланка донесе

**ОДЛУКА**
**за формирање на Институционална Работна Група на ниво на Општина Крива Паланка во рамки на РОМАКТЕД Програмата фаза 2 на Европската унија / Совет на Европа “Промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на Локално ниво”**

**Статус на работната група**
**Член 1**

Институционалната работна група на РОМАКТЕД Програмата фаза 2 на Европската унија / Совет на Европа “Промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на Локално ниво” се формира како специјализирано работно тело во рамките на Општината (во понатамошниот текст: Институционална работна група)

**Членови на Институционалната група**
**Член 2**

Институционалната работна група има (10) членови.
Членови на институционалната работна група се:

Долорес Асановска - Координатор на групата е општинската контакт точка
Елена Христовска - Помлад соработник за Здравствена, социјална и детска заштита во Општината
Марија Златановска- Советник одговорен сметководител во Општината
Јулијана Стојановска - Претставник на центарот за социјална работа
Оле Јакимовска - Претставник на локалната здравствена установа
Зоран Николовски - Претставник од локалната институција на Министерството за внатрешни работи/полиција
Зорица Илиевска - Претставник од предучилишна установа
Анета Илиевска - Претставник од училишна институција
Катерина Митовска Наковска - Претставник од училишна институција
Марина Митовска Јакимовска - Претставник од училишна институција

Други претставници на единицата за локална самоуправа и други институции кои можат да придонесат за остварување на приоритетите дефинирани од Акционите групи на заедницата на Програмата ROMACTED (претставници на ромската заедница)
Доколку е потребно, на состаноците на Институционалната работна група може да бидат поканети експерти и претставници на други тела или организации, за да ги информираат членовите на Институционалната работна група за одредено прашање (на пр. Заштитник на граѓани, претставници на други тела, претставници на граѓанското општество организации, медиуми, итн.)

**Надлежности на институционалната работна група**
**Член 3**

Надлежностите на членовите на институционалната работна група се:
- учествува во развојот и имплементацијата на заеднички активности/планови со Акционата група на Заедницата на Програмата ROMACTED, фацилитаторот и националниот тим ROMACTED;
- обезбедува постојана комуникација и соработка со претставниците на Акционата група на Заедницата на ROMACTED програмата, фацилитаторот и националното лице за контакт за

Програмата ROMACTED, директно или индиректно преку одговорно лице;
- учествуваат во работилници и сесии за обука организирани од фацилитаторот и/или национално лице за контакт за програмата ROMACTED во рамките на планираните активности на програмата ROMACTED;
- дава поддршка за постигнување позитивни промени во тековните административни практики (оценети како такви и од вработените во локалната самоуправа и од ромската заедница), кои произлегуваат од горенаведените сесии за обука и дијалог со ромската заедница;
- активно дава поддршка и учествува во проценка на резултатите и влијанието што програмата ги генерира на терен;
- дава навремени информации до градоначалникот/советот на градот за напредокот од спроведувањето на програмата преку координаторот на институционалната работна група и осигурува дека сите предложени одлуки ќе бидат земени предвид и ќе им бидат презентирани на одлучувачите на разгледување;
- разменува информации за тековните активности и иницијативи во надлежност на сите институции чии претставници се членови на Институционалната работна група и разменува податоци во согласност со прописите за заштита на личните информации;
- придонесува за подготовка или преглед на Локалниот акционен план за социјална инклузија на мажи и жени Роми, заедно со Акционите групи на заедницата од ромската заедница, основани во рамките на Програмата РОМАКТЕД и дава поддршка на усвојувањето на документот од општинското собрание;
- обрнува внимание да го интегрирате, колку што е можно, Локалниот акционен план за социјално вклучување на мажите и жените Роми во целокупните стратешки развојни документи на локалната самоуправа;
- дава поддршка за имплементација на Локалниот акционен план за социјална вклученост на мажите и жените Роми, вклучително и активности кои се интегрирани во стратегиите за развој на општината, предлагајќи пренамена на локалните ресурси, како и обезбедување, ако и кога е можно, други извори на финансирање, вклучувајќи ги и фондовите на ЕУ.
- укажува на надлежните органи случаи на дискриминација во општината;
- промовирање и поддршка за вклучување на Ромите во процесот на донесување одлуки на локално ниво (особено во општинските, училишните одбори, советите на родителите, итн.);
- иницира одлуки на надлежните општински/градски тела и други тела и организации кои го подобруваат статусот на Ромите;
- учествуваат во активностите што промовираат интеркултуралност и го информираат целото население во општината/градот за ромската култура;
- ја информира јавноста за нејзините активности и за статусот на Ромите во Крива Паланка;
- презема други активности насочени кон подобрување на статусот на Ромите во Крива Паланка во согласност со законот и општите акти на општината.

**Средства за работа**

**Член 4**

Општината обезбедува средства за работа на Институционалната работна група.

Членовите на институционалната работна група не добиваат посебен надомест за нивната работа во институционалната работна група

**Начин за работа на општинската работна група**

**Член 5**

Институционалната работна група ги извршува своите должности во согласност со одредбите на Статутот и Деловникот за работа на општинскиот.

Прашањата што не се регулирани со актите од став 1 на овој член, се уредуваат со Деловник за работа што општинската работна група ќе го донесе со мнозинство гласови од целото членство.

**Начин на Известување/Годишен/Месечен Извештај**

**Член 6**

Институционалната работна група ќе поднесе годишен извештај до Советот на општината Крива Паланка до 1 март во тековната година за претходната година.
Институционалната работна група поднесува месечни извештаи за својата работа до членот на општинскиот совет одговорен за социјални работи.
Членот на општинскиот совет го дава своето мислење за годишниот извештај за работа на општинската работна група.
Годишниот извештај ќе содржи информации за работата на Институционалната работна група и нејзината проценка на статусот на Ромите во Општината.
Доколку е потребно, институционалната работна група може да поднесе посебен извештај до општинскиот совет

**Стапување на сила**

**Член 7**

Оваа одлука се објавува во Службен весник на Општината.
Одлуката влегува во сила истиот ден од денот на објавување.

**Бр.09-2945/9**
**30.09.2021 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател на Совет**
**Изабела Павловскас.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. бр.8/2010, 8/14, 2/18,03/2019 и 08/21), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за формирање на Институционална Работна Група на ниво на Општина Крива Паланка во рамки на РОМАКТЕД Програмата фаза 2 на Европската унија / Совет на Европа “Промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на Локално ниво”**

1. Се објавува Одлуката за формирање на Институционална Работна Група на ниво на Општина Крива Паланка во рамки на РОМАКТЕД Програмата фаза 2 на Европската унија / Совет на Европа “Промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на Локално ниво” , што Советот ја донесе на 56-та седницата одржана на ден 30.09.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“

**Бр.08– 2945/10**
**02.10.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36,став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 14, став 1, т. 41 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 08/14, 02/18 и 03/19), Советот на Општина Крива Паланка на седницата оддржана на ден 30.09.201 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**

**За кофинасирање на проект**
**Безбеден сообраќај во зимски услови во Општина Крива Паланка**

Член 1

За реализација на проектот: **Безбеден сообраќај во зимски услови во Општина Крива Паланка** Општина Крива Паланка е согласна од средствата од Буџетот да ја кофинансира разликата од постигнатата вредност на Јавната набавка и одобрените средства по повикот од Програмата за Рамномерен Регионален Развој за 2021, преку Биро за Регионален Развој.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а истата ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09 2945/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.09.2021** **Претседател,**
Крива Паланка **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. бр.8/2010, 8/14, 2/18,03/2019 и 08/21), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука За кофинасирање на проект Безбеден сообраќај во зимски услови во Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлуката за кофинасирање на проект Безбеден сообраќај во зимски услови во Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 56-та седницата одржана на ден 30.09.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“

**Бр.08– 2945/12**
**02.10.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36,став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 14, став 1, т. 41 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 08/14, 02/18 и 03/19), Советот на Општина Крива Паланка на седницата оддржана на ден 30.09.2021 година, ја донесе следнава.

**ОДЛУКА**

**За кофинасирање на проект Санација, поправка и опремување на НУ Центар за култура Крива Паланка**

Член 1

За реализација на проектот: Санација, поправка и опремување на НУ Центар за култура Крива Паланка, Општина Крива Паланка е согласна од средствата од Буџетот да ја кофинансира разликата од постигнатата вредност на Јавната набавка и одобрените средства по повикот од Програмата за Рамномерен Регионален Развој за 2021, преку Биро за Регионален Развој.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а истата ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-2945/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.09.2021 год.** **Претседател,**
Крива Паланка **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. бр.8/2010, 8/14, 2/18,03/2019 и 08/21), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука За кофинасирање на проект Санација, поправка и опремување на НУ Центар за култура Крива Паланка**

1. Се објавува Одлуката За кофинасирање на проект Санација, поправка и опремување на НУ Центар за култура Крива Паланка , што Советот ја донесе на 56-та седницата одржана на ден 30.09.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“

**Бр.08– 2945/14**
**02.10.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/2017 и 174/21) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/2010, 8/14, 2/18 ,03/2019 и 08/21), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.09.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 7120/5 и 7121/2 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа во нас. Грамаѓе на к.п.бр.7120/5 во КО Крива Паланка во сопственост на Даница Стоилковска и Милче Стоилковски и к.п.бр.7121/2 во КО Крива Паланка во сопственост на РСМ .

**Член 3**

На овој локалитет според постојниот Генерален урбанистички план за Крива Паланка е предвидено намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 4**

Со изработка на Детален урбанистички план за Крива Паланка за овој локалитет ќе се предвиди намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

Бр.09-2945/15
30.09.2021 год.
Крива Паланка

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**

**Изабела Павловска**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. бр.8/2010, 8/14, 2/18,03/2019 и 08/21), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 7120/5 и 7121/2 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлуката за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 7120/5 и 7121/2 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка , што Советот ја донесе на 56-та седницата одржана на ден 30.09.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“

**Бр.08– 2945/16**
**02.10.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/2017 и 174/21) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/2010, 8/14, 2/18,03/2019 и 08/21), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.09.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 2626/3 и к.п.бр.2626/2 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа на к.п.бр.2626/3 во КО Крива Паланка во сопственост на Милевка Цветковска и Боре Цветковски и на к.п.бр.2626/2 во КО Крива Паланка сопственост на Нацка Митовска и Стојан Митовски.

**Член 3**

На овој локалитет според постојниот Генерален урбанистички план за Крива Паланка е предвидено намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 4**

Со изработка на Детален урбанистички план за Крива Паланка за овој локалитет ќе се предвиди намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-2945/17**
**30.09.2021 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**

**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. бр.8/2010, 8/14, 2/18,03/2019 и 08/21), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука**
**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши usогласување на намените за к.п.бр. 2626/3 и к.п.бр.2626/2 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлуката за За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 2626/3 и к.п.бр.2626/2 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка , што Советот ја донесе на 56-та седницата одржана на ден 30.09.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“

**Бр.08– 2945/18**
**02.10.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/2017 и 174/21) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/2010, 8/14, 2/18, 03/2019 и 08/21), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.09.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 635 и к.п.бр.4611 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа на ул.„Моша Пијаде“ на к.п.бр.635 и к.п.бр.4611 во КО Крива Паланка сопственост на РСМ.

**Член 3**

На овој локалитет според постојниот Генерален урбанистички план за Крива Паланка е предвидено намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 4**

Со изработка на Детален урбанистички план за Крива Паланка за овој локалитет ќе се предвиди намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

Бр.09-2945/19
30.09.2021 год.
Крива Паланка

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**

**Изабела Павловскас.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. бр.8/2010, 8/14, 2/18,03/2019 и 08/21), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука**
**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши usогласување на намените за к.п.бр.за к.п.бр. 635 и к.п.бр.4611 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлуката за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши usогласување на намените за к.п.бр. за к.п.бр. 635 и к.п.бр.4611 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка , што Советот ја донесе на 56-та седницата одржана на ден 30.09.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“

**Бр.08– 2945/20**
**02.10.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/2017 и 174/21) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/2010, 8/14, 2/18, 03/2019 и 08/21), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.09.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.606/1 во КО Варовиште, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа во село Варовиште на к.п.бр.606/1 во КО Варовиште, Општина Крива Паланка сопственост на Оливер Илиевски и Жаклина Јовановска.

**Член 3**

На овој локалитет нема урбанистички план за село Варовиште.

**Член 4**

Со изработка на урбанистички план за село Варовиште за овој локалитет ќе се предвиди намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

Бр.09-2945/21
30.09.2021 год.
Крива Паланка

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**

**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. бр.8/2010, 8/14, 2/18,03/2019 и 08/21), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука**
**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши usогласување на намените за к.п.бр.за к.п.бр. 606/1 во КО Варовиште, Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлуката за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. за к.п.бр. **606/1** во КО Варовиште, Општина Крива Паланка , што Советот ја донесе на 56-та седницата одржана на ден 30.09.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“

**Бр.08– 2945/22**
**02.10.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/2017 и 174/21) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/2010, 8/14, 2/18, 03/2019 и 08/21), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.09.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 266/8 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа на ул.„М.Тито (Св. Јоаким Осоговски)“ на к.п.бр.266/8 во КО Крива Паланка сопственост на Милица Јакимовска.

**Член 3**

На овој локалитет според постојниот Генерален урбанистички план за Крива Паланка е предвидено намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 4**

Со изработка на Детален урбанистички план за Крива Паланка за овој локалитет ќе се предвиди намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

Бр.09-2945/23
30.09.2021 год.
Крива Паланка

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**

**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. бр.8/2010, 8/14, 2/18,03/2019 и 08/21), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука**
**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши usогласување на намените за к.п.бр.за к.п.бр.266/8 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлуката за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. за к.п.бр. 266/8 во КО Крива Паланка , Општина Крива Паланка , што Советот ја донесе на 56-та седницата одржана на ден 30.09.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“

**Бр.08– 2945/24**
**02.10.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врзоснованачлен 47 одЗаконотзаурбанистичкопланирање („Службенвесникна Р.С.М.“, бр.32/2020), член 131 од Законот за водите („Службенвесникна Р.М.“, бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/12, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16и „Службен весник на Р.С.М.“, бр.151/21) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Службен гласник на општината Крива Паланка“ бр.8/10, 08/14, 02/18, 3/19 и 08/21), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на 30.09.2021 година, донесе:

**ОДЛУКА**

заопределување на ширина на крајбрежен појас
на водотек Порој „Абазовци“ во с.Конопница
во Општина Крива Паланка опфатен со урбанистички проект

Член 1

Со оваа одлука се определува ширина на крајбрежниот појас на водотек Порој „Абазовци“ во с.Конопница во Општина Криав Паланка опфатен со урбанистички проект, а заради заштита и одржување на природното и уреденото корито на брегот на водотекот.

Член 2

Ширината на крајбрежниот појас на водотекот Порој „Абазовци“ во с.Конопница, на КП6530 КО Конопница, м.в.„Абазовци“ со катастарска колтура „Дол“,со почетна точка 1 со кординати х4670882,26 у7605092,27 и крајна точка 2 со кординати х4671049,95 у7604973,92 според Хидрлошка студија со тех.број006/2021-хс, опфатен соурбанистички проект од крајна линија на регулација на коритоќе изнесува 3,00 метри

Член 3

Постојните објекти кои се изградени на помало растојание од горенаведеното останувaат и понатаму да функционираат.

Член 4

Во колку се јави неопходна потреба од изградба на нов објект на помало растојание од горенаведените, истата би можело да се предвиди со претходно добиена согласност од органот надлежен за управување со води.

Член 5

Одлуката ќе се применува при донесување, изменување и дополнување на одлуки за донесување на урбанистички планови.

Член 6

Одлукатавлегуваво силасоденотнадонесувањето, а ќебидеобјавеново ,,СлужбенгласникнаОпштинаКрива Паланка“.

Член 7

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи донесената Одлуката бр.09-2631/67 од 30.08.2021 година објавена во ,,Службен гласник на Општина Крива Паланка“ број 9/2021.

**Бр.09-2945/25**
**30.09.2021 год.**
**Крива Паланка**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**

**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. бр.8/2010, 8/14, 2/18,03/2019 и 08/21), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас на водотек Порој „Абазовци“ во с.Конопница во Општина Крива Паланка опфатен со урбанистички проект**

1. Се објавува Одлуката за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. за к.п.бр. 266/8 во КО Крива Паланка , Општина Крива Паланка , што Советот ја донесе на 56-та седницата одржана на ден 30.09.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“

**Бр.08– 2945/26**
**02.10.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

## С О Д Р Ж И Н А

Ред.бр страна


| | | |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за усвојување на Извештај за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2020/2021 година.......................................................................................................... | |
| 2. | Одлука за усвојување на Извештај за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2020/2021 година.......................................................................................................... | |
| 3. | Одлука за усвојување на Програма за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2021/2022 година........................................................................................................ | |
| 4. | Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Програма за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2021/2022 година........................................................................ | |
| 5. | Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Третиот-Североисточен плански регион број 03-1/1 од 17.12.2008 година....................................................................................................... | |
| 6. | Заклучок за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Третиот-Североисточен плански регион број 03-1/1 од 17.12.2008 година............................................. | |
| 7. | Одлука за формирање на Институционална Работна Група на ниво на Општина Крива Паланка во рамки на РОМАКТЕД Програмата фаза 2 на Европската унија / Совет на Европа “Промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на Локално ниво.......................................................... | |
| 8. | Заклучок за објавување на Одлука за формирање на Институционална Работна Група на ниво на Општина Крива Паланка во рамки на РОМАКТЕД Програмата фаза 2 на Европската унија / Совет на Европа “Промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на Локално ниво.................... | |
| 9. | Одлука за кофинасирање на проект„ Безбеден сообраќај во зимски услови во Општина Крива Паланка............................................................................ | |
| 10. | Заклоч за објавување на Одлука за кофинасирање на проект„ Безбеден сообраќај во зимски услови во Општина Крива Паланка.............................. | |
| 11. | Одлука за кофинасирање на проект„ Санација, поправка и опремување на НУ Центар за култура Крива Паланка............................................................... | |
| 12. | Заклучок за објавувањњ на Одлука за кофинасирање на проект„ Санација, поправка и опремување на НУ Центар за култура Крива Паланка.................. | |
| 13. | Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 7120/5 и 7121/2 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка....................... | |
| 14. | Заклуок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 7120/5 и 7121/2 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка............................................................................................................ | |
| 15. | Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 2626/3 и к.п.бр.2626/2 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка........... | |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| 16. | Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 2626/3 и к.п.бр.2626/2 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка........................................................................................ | |
| 17. | Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 635 и к.п.бр.4611 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка......................... | |
| 18. | Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 635 и к.п.бр.4611 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка............................................................................................... | |
| 19. | Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.606/1 во КО Варовиште, Општина Крива Паланка.................................................... | |
| 20. | Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.606/1 во КО Варовиште, Општина Крива Паланка............. | |
| 21. | Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 266/8 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка ................................. | |
| 22. | Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 266/8 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка | |
| 23. | Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас на водотеците во Општина Крива Паланка опфатени со урбанистички планови........................ | |
| 24. | Заклуок за објавување на Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас на водотеците во Општина Крива Паланка опфатени со урбанистички планови......................................................................... | |